СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-6/2022
Дата. 07-10-2022

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр. УПП-6/2022 од 28.03.2022 година на анонимни граѓани од с.Враништа, Општина Струга во врска со спречување на нелегално отварање на отпад на локацијата КП.бр.218/2 КО Вранишата, на регионалниот патен правец Струга-Дебар,

Претставката заведена со архивски број УПП-6/2022 е доставена од анонимни граѓани од с.Враништа, Општина Струга во врска со спречување на нелегално отварање на отпад, односно дејност за собирање и примарна обработка на отпадоци, на локацијата КП.бр.218/2 КО Вранишата, на регионалниот патен правец Струга-Дебар, која го нарушува сообраќајот на овој патен правец имајќи предвид дека не се запазени основните услови за безбедност на сообраќајот каде е пропишано дека треба да има заштитен појас на регионалниот пат.

Министерството за животна средина и просторно планирање ја проследи претставката по службена должност до Општина Струга – Сектор за инспекциски надзор на надлежност и понатамошно постапување како првенствено надлежен орган на државна управа (локална самоуправа) на ден 01.04.2022 година.

Погореименуваниот општински инспекторат, по основ на Укажување од страна на Сектор за правни и општи работи на МЖСПП на ден 20.04.2022 година и Известувањето до Државниот управен инспекторат од наша страна на ден 23.08.2022 за непостапување по основ на предметната претставка од страна на Секторот за инспекциски надзор на Општина Струга година кој го задолжи претходноименуваниот општинскиот инспекторат со Решение со ИП1.бр.10-1056 од 12.09.2022 година за постапување по предметната претставка, овластениот општински инспектор, Митко Коркутоски се произнесе на ден 03.10.2022 година со следното исход од извршениот инспекциски надзор:

- Од страна на овластениот инспектор за животна средина на Општина Струга во просториите на управната зграда на локалната самоуправа бил повикан управителот на ЗД Отпад – Охрид ДООЕЛ, Љупчо Цуклески во својство на инвеститор


Министерство за животна срединаи просторно планирањеnaРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- за време на надзорот бил составен Записник со бр.25-109 од 19.09.2022 година, со кој била констатирана фактичката состојба на локацијата на КП.бр.218/2 КО Враништа
- на локацијата биле констатирани следните неправилности во врска со кои на погореименуваниот Управител на ЗД Отпад-Охрид ДООЕЛ бил задолжен со решение бр.25-109 од 26.09.2022 година да: - **изготви Елабораат согласно Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изготвува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл.Весник на РМ бр.36/12); елаборатот да биде доставен на одобрување до надлежниот орган на МЖСПП; согласно член 66 став (2) да прибави одобрение за градба на инсталација за вршење на дејност за управување со отпад која се однесува на складирање, третман и преработка на отпадот, согласно член 47 од Законот за управување со отпад да ангажира стручно оспособено лице за управување со отпадот; да се придржува кон насоките дадени во одговорот на барањето на согласност од страна на Општина Струга со бр.10-1021 од 16.03.2022 година со предметната документација.**

**По овластување на Министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
**Билјана Тешева Ѓоргиевска**

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk